Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| Седмица 15<br>Датум: | | | Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Ги препознава сите монети и банкноти | | Одделение: II | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 5 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br>25 мин.<br><br><br><br><br>10 мин. | Да ги препознава сите монети и банкноти.<br><br><br><br><br><br><br>Да ја знае вредноста на сите монети.<br><br><br><br>Самостојно да решава проблемска ситуација. | Ги препознавам сите монети и банкноти.<br><br><br><br><br><br><br><br>Ја знам вредноста на сите монети.<br><br><br><br>Самостојно решавам проблемска ситуација. | Воведен дел: Се поведува разговор со учениците за пазарењето со нивните родители. Повторување за денарот како платежно средство во Р.М. Разгледување на денари и нивна класификација според материјалот од кој се изработени. Покажување на монети и банкноти со различна вредност.<br><br>Главен дел: Следуваат активности во тетратка. Наставникот запишува задачи на табла. Решавање на задачите со дадени насоки од страна на наставникот. Се следи работата кај учениците. Се решаваат на табла.<br><br>Завршен дел: Приклучување на интернет страната http://www.bbc.co.uk/bitesize/ks1/maths/money/play/popup.shtml.<br>Објаснување на правилата на играта. Играње на играта, осознавање на плаќањето со собирање на вредноста на банкнотите и монетите. | Заедничка<br>Метод на разговор<br>Метод на покажување<br>Метод на објаснување<br>Заедничка<br>Индивидуална<br><br>Метод на објаснување<br><br>Метод на работа<br>Заедничка<br>Метод на практична работа | Банкноти<br>Монети<br><br>Тетратка<br>Прибор за пишување<br>ЛЦД проектор, лаптоп, интернет страница<br>http://www.bbc.co.uk/bitesize/ks1/maths/money/play/popup.shtml | Прашања/одговори<br>Усни одговори<br><br><br><br><br><br>Точно решени задачи во учебникот<br><br><br><br><br>Успешно играње на играта |
| Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите) | | | Забелешки / можности за проширување / домашна работа | | Клучна терминологија | |
| Учениците на часот за утврдување добиваат иста задача и со нивната индивидуална работа се откриваат очекуваните исходи. | | | На часовите учениците беа внимателни и со интерес ги извршија сите зададени активности. | | Денари, монети, банкноти. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 15**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Читање и разбирање на вредноста на парите** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br>10 мин. | Да препознава и разликува монети и банкноти.<br><br>Да ја знае нивната вредност.<br><br>Да користи факти од собирање и одземање за да пресмета до 100.<br><br>Да собира и одзема со монети и банкноти до 100.<br><br>Објаснува како дошол до решение на проблемот. | Може да препознава монети и банкноти.<br><br>Може да ја определи нивната вредност.<br><br>Може да користи монети и банкноти.<br><br>Може да собира и одзема до 100.<br><br>Може да го одреди со собирање и одземање до 100. | Воведен дел: Активност за загревање и запознавање со целите на часот. Вежби во броење и добројување до 100 - продолжување на низата со броење во чекори по 2, 5, 10. Повторување за наученото за банкноти и монети, нивната вредност и изглед.<br><br>Главен дел: Ја откривам активноста на часот – вежби - наставен лист, ги читам и објаснувам задачите.<br>Учениците почнуваат со самостојна работа, помагам ако има потреба.<br>По завршувањето ги собирам наставните листови, а истите уште еднаш ги проверуваме со решавање на табла.<br><br>Завршен дел: Ја анализираме изминатата активност. | З - заедничка работа на цело одделение<br><br>И - индивидуална работа | Наставен лист<br>Монети и банкноти | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Докази/работни листови |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | | | | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 15**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Го одредува збирот на монети и банкноти до 100 денари и го пресметува кусурот** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br>10 мин. | Собира и одзема со монети и банкноти до 100.<br><br><br><br><br><br><br><br>Знае да пресметува и да врати кусур.<br><br><br><br><br>Објаснува како дошол до решение на проблемот. | Може да собира и одзема до 100.<br><br><br><br><br><br><br><br><br>Може да го одреди кусурот со собирање и одземање до 100.<br><br><br><br>Може да ја објасни постапката на пресметување за да врати кусур. | Воведен дел: Активност за загревање и запознавање со целите на часот.<br>Вежби во броење и добројување до 100 - продолжување на низата со броење во чекои по 2, 5, 10.<br>Повторување за наученото за банкноти и монети, нивната вредност и изглед.<br><br>Главен дел: Ја откривам активноста на часот. Запиши ја вредноста на монетите за да покажеш колку кусур треба да добиеш од 50 денари. Се бара да се употребат што е можно помалку монети.<br>1. имам 25 ден. /монети до 50 ден. – 10 + 10 + 5<br>2. имам 15 ден. /монети до 50 ден. – 10 + 10 + 10 + 5<br>3. имам 12 ден. /монети до 50 ден. – 10 + 10 + 10 + 5 + 2 + 1<br>4. имам  28 ден. /монети до 50 ден. – 10 + 10 + 2;<br>5. имам 40 ден. /монети до 50 ден. – 10<br>6. имам 18 ден. /монети до 50 ден. – 10 + 10 + 10 + 2<br>7. имам 39 ден. /монети до 50 ден. –  10 + 1<br>8. имам 46 ден. /монети до 50 ден. – 2 + 2<br>9. имам 20 ден. /монети до 50 ден, –  10 + 10 + 10<br>10. имам 14 ден. /монети до 50 ден – 10 + 10 + 10 + 5 + 1.<br><br>Завршен дел: Решавање на задачи на наставен лист. | З - заедничка работа на цело одделение<br><br>И - индивидуална работа | Наставен лист<br>Монети и банкноти | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Докази/работни листови, изработки и слично |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | **Домашна работа**: Да го довршат решавањето на задачите од наставниот лист. | | | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 15**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Случка на пазарот - измислување приказна за поставена задача** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Да ја разбере вредноста на банкнотите. | Ја разбирам вредноста на банкнотите. | Воведен дел: Повторување за монети и банкноти. Преку примери што наставникот ги запишува на табла, се повторува за вредноста на банкнотите. Учениците при пресметувањето ги користат операциите собирање и множење. Пр: 3 банкноти од по 10 денари – 10 + 10 + 10 = 30 ден. или 3 · 10 = 30 ден. | Заедничка<br>Метод на разговор | Табла<br>Креди | Усни одговори на прашања |
| 20 мин. | Да одредува вредност на одредени производи. | Одредувам вредност на одредени производи. | Главен дел: Се објаснува барањето на задачата во учебникот. Се разгледуваат цените на дадените производи пред и по нивното намалување, т.е. попустот. Се објаснува како треба да се реши задачата. Учениците пресметуваат и запишуваат на дадените линии. Задачата се проверува на табла. Учениците ги проверуваат своите решенија и доколку е потребно коригираат. | Заедничка<br>Индивидуална | Учебник<br>Прибор за пишување | Решена задача |
| 10 мин. | Да решава задачи со монети и банкноти. | Решавам задачи со монети и банкноти. | Завршен дел: Во тетратките учениците запишуваат задачи со пари. Се објаснуваат барањата и учениците самостојно ги решаваат. Задачите се проверуваат на табла. | Заедничка<br>Индивидуална | Тетратки<br>Прибора за пишување | Решени задачи |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Во текот на часот сите ученици работат на исти задачи. | | | Учениците со внимание ги следеа напатствијата од страна на наставникот. Во извршувањето на задачите беа доста успешни. | | | |

| **Седмица 15**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Задачи со собирање и одземање на вредност на пари** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин. | Да ја разбере вредноста на монетите и банкнотите. | Ја разбирам вредноста на монетите и банкнотите. | Воведен дел: На почетокот на часот се игра играта Во продавница. Играта се игра во парови. Еден ученик е купувач, а дгругиот продавач. Се прават најразлични начини на плаќање на одредени предмети, со и без кусур. | Заедничка<br>Метод на игра | Монети и банкноти | Успешна игра |
| 25 мин. | Да пресметува кусур при плаќање. | Пресметувам кусур. | Главен дел: Учениците работат во учебниците. Наставникот ги објаснува задачите една по една. Секоја задача се решава на табла. Учениците ги споредуваат решенијата. | Индивидуална работа<br>Метод на работа | Учебник<br>Прибор за пишување | Решена задача |
| 5 мин. | Усно да го образложи решението на задачите. | Усно го образложувам решението на задачите. | Завршен дел: Секоја задача се решава на табла. Учениците ги споредуваат решенијата и образложуваат како ги решиле истите. | Заедничка | | Усни одговори |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Во текот на часот учениците работата на иста задача. | | | Учениците со внимание ги извршија зададените активности. Во работата беа успешни, со исклучок на неколку ученици на кои им беше потребна дополнителна помош. | | Монети, банкноти, кусур. | |

obrazovanie.literatura.mk